Врз основа на Законот за водите (Службен весник на РМ бр.87/08),и измени и дополнувања на истиот (Службен. весник на РМ бр. 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012,23/2013,163/2013,180/2014,146/2015,52/2016), Законот за градежно земјиште и измени и дополнувања на истиот (Службен весник на РМ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16 ), и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата, одржана на 30.11.2017 год. донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во Општината Крива Паланка за 2018 година**

1. **Локална водоводна мрежа**

Општи напомени

Водата е природно богатство кое мора да се цени и чува, особено во услови кога светот се повеќе и повеќе се соочува со недостиг на здрава и квалитетна вода за пиење, а последиците од климатските промени во иднина ќе бидат се поизразени.

Во периодот на брз прираст на населението, економски и културен развој на Градот Крива Паланка решаван е и проблемот со водоснабдување на градот . Тогаш се изградени главните водоводни цевководи во централното градско подрачје, зафат и довод на вода од извориштето Калин Камен, резервоарски простор и други објекти на системот за водоснабдување. Меѓутоа, како последица на материјалите употребени за цевководите, долгиот период на употреба и недоволниот капацитет поради ширењето на градот, како и конфигурацијата на истиот, се јавуваат чести дефекти во водоводната мрежа и редукции во водоснабдувањето на високите зони. За надминување на оваа состојба Општината Крива Паланка и јавното комунално претпријатие “Комуналец“ во минатото преземале повеќе мерки за делумна реконструкција на цевководите, доградба на системот и изградба на нови објекти за водоснабдување (бунари).

Постоечката локална водоводна мрежа се градела преку повремено обезбедување на финансиски средства од разни меѓународни фондови и програми, државни институции, странски и домашни донации, средства на локалното население, како и крајни корисници, каде Општината учествувала со извесни средства и ја обезбедувала потребната техничка документација и добивање на неопходните одобренија и согласности;

Покрај досега изградената мрежа за водоснабдување која е во ф-ја, според стручните анализи за сеопфатно и долготрајно решавање на проблемот со водоснабдување потребно беше да се направат следниве работи:

-За квалитетно водоснабдување на урбаниот дел од општината за еден подолг временски период беше потребно да се стави во ф-ја и водоснабдителниот систем Станачка река , односно да се реконструира зафатот на Станачка Река, доводот, како и да се изврши доопремување и поврзување на Филтер станицата. (завршено).

-Да се направи издвојување на високата зона на десниот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона и обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата. ( завршено).

-Да се направи издвојување на високата зона на левиот брег на Крива Река во посебна водоснабдителна зона и обезбедување на доволни количини на вода и соодветен притисок за водоснабдување на истата. ( завршено).

Посебен проблем представува водоснабдувањето на некои приградски населби и селата каде се изградени помали водоводи кои служат за водоснабдување на одредени маали, а кои се градени претежно од самите жители, без соодветна техничка документација, но кои се уште во функција и се единствен извор за водоснабдување на месното население.

Дел од ваквите водоводи не се целосно завршени, не е обезбедена контрола на потрошувачката и квалитетот на водата, не се поставени водомери, а особено не се ставени во рамноправна положба сите корисници, бидејќи тие што се на пониски нивоа имаат премногу вода, а оние кои се на повисоки нивоа воопшто немаат вода. Дел од вака изградените водоводи, иако и Општината и ЈП „Комуналец“ имаат вложено значителни финансиски средства, се уште ги одржуваат месните заедници и локалното население, т.е. самите корисници.

Месните заедници не може да изнајдат средства за одржување на квалитетот на водата, како и за тековно одржување на водоводите, па истите иако се изградени во поново време се оставени на забот на времето, пропаѓаат многу бргу и под голем знак прашалник е и квалитетот на водата за пиење.

Според законската регулатива предвидена во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл.весник 68/2004 и измените), како и Законот за водите (Сл. весник 87/2008 и измените), Одлуката за комунален ред (Сл.гласник бр. 8 од 28.06.2013 г.) предвидено е со водоснабдителните системи да управува и да ги одржува јавно претпријатие.

Јавното претпријатие е должно редовно да го контролира квалитетот на водата, да испорачува квалитетна вода и да ги одржува водоводните системи во исправна состојба.

Ваквите активности во врска со водоводните системи беа предвидени и во помал дел беа реализирани и со Програмите за поранешните години.

Преземањето на сите поголеми селски водоводни системи од страна на Општината и нивно преодтстапување на стопанисување и одржување на ЈП „Комуналец“ треба да биде приоритет и да се интензивира и усогласи со законот што во крајна линија е за доброто на самото месно население, т.е самите корисници. Само на таков начин водоводите можат да се спасат од нивно руинирање и пропаѓање, да се има контрола на потрошувачката на вода со што ќе се задоволат потребите на сите корисници и само на тој начин ќе имаме контролирана исправна и здрава вода за пиење.

## 1.1 Проекти за водоснабдување предвидени за реализација преку грант од Владата на РМ и ЕИБ

Преку реализацијата на проектот на Владата на РМ и ЕИБ „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ кој е долгорочен и првобитно требаше да заврши во 2016 год. се очекува да бидат разрешени и надминати најголем дел од проблемите во водоснабдувањето во Општина Крива Паланка. Со Одлука на Владата на РМ крајниот рок за користење на средствата е продолжен до 31.12.2018 год. За Општина Крива Паланка според најновата Одлука вкупните предвидени средства се во износ од 1.238.971,оо евра (76.196.716.оо ден). Од тие средства преку досега реализираните 3 проекти и еден кој е веќе во постапка за јавна набавка искористени се околу 760.000,оо евра, а преостануваат уште околу 478.000,оо евра.

Досега се веќе целосно реализирани два проекти за водоснабдување преку оваа програма за грант и тоа:

1.Дополнителни работи на зафат и довод на вода на водоснабдителен систем Станачка река и доопремување на филтер станица за вода за пиење со поврзување на постоечки водоводен систем
2. Водоснабдителен систем за висока зона на лев брег на Крива Река –основна и секундарна мрежа со изградба на крак за водоснабдување на населба Маневци и населба м.в. Змаевац с.Дурачка Река; Се работи за изградба на нова примарна и секундарна мрежа во вкупна должина од околу 6 км, резервоар и др.потребни елементи кои и од градежен и од финансиски аспект представуваат крупен и значаен проект за Општината.

Во тек е постапка за јавна набавка и се очекува реализација наредната година и за следниов проект:

**-Реконструкција на дел на водоводната мрежа во Крива Паланка со замена на азбестно цементни цевки.**

Со преостанатите средства предвидено е во текот на наредната година да се реализираат и следните проекти:

**-Реконструкција и доизградба на водоводен систем на дел од водоводна мрежа кој води од поранешна кантина према с. Конопница се до населба Трнци со крак кон населба Мезовски Ливади.**

За овој значаен проект дадено е позитивно мислење од страна на МТВ, во тек е докомплетирање на техничката документација и изготвување на проектен прашалник-фише.

**-Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак 3.**

Има изработено основен проект и ревизија, во тек е докомплетирање на техничката документација.

Доколку после јавните набавки преостанат дел од предвидените средства истите ќе бидат искористени и за реализација на други проекти, како што се:

-Изградба на водоводна мрежа за дел од с. Луке

За овој проект беше подготвена и предадена техничката документација, беа решени имотно правните односи по должината на главниот цевковод. Од страна на консултантите при Министерството за транспорт и врски беше вратена документацијата и беше побарано основниот проект да се доработи, односно да се додаде и дел за секундарна мрежа. Истото е веќе направено и според анексот на проектот должината на секундарната мрежа е 3.4 км со што и трошоците за изградба значително се зголемуваат. Во тек е постапка за обезбедување на соодветно одобрение за новопроектираниот дел.

-Изградба на водоводна мрежа за дел од с. Кркља и др.

Преку проектот за Јавно приватно партнерство со фирмата „Хидро Осогово“ годинава беше пуштена во употреба и последната од предвидените четири мали хидроелектрани, а од порано е во употреба и новиот цевковод на дел од водоснабдителниот систем „Калин Камен“., кој беше сопствена инвестиција на приватниот партнер.

## 1.2 Проекти за водоснабдување предвидени за реализација преку средства од Буџетот на општината и ЈП Комуналец

-Доизградба и санација на веќе изградените водоводи во с. Конопница од захватите на Селска река

-Поврзување на главна водоводна мрежа со постоечки селски водоводи во с. Конопница

-Евидентирање и на други порано изградени локални водоводни системи во Општина Крива Паланка преку кои се снабдуваaат со вода за пиење делови од населените места и нивно преземање и предавање на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка на понатамошно стопанисување и одржување.

## 1.3 Техничка документација за водоснабдување

-Докомплетирање на техничка документација за погоре наведените проекти

-Техничка документација за изградба и реконструкција на други водоснабдителни системи.

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1.Влада на РМ -Проект „Водоснабдување и одведување на отпадни води“**<br>*напомена: овие средства се грант и не одат преку буџетот на општината | **43.000.000ден.** |
| **2. Буџет на Општината** | **2.000.000 ден.** |
| **3. Учество на ЈП „Комуналец“** | **2.000.000 ден.** |

**ВКУПНО. 47.000.000 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1. Реконструкција на дел од водоводна мрежа во градот (Замена на азбестно цементни цевки )** | **14.000.000,оо** |
| **2. Реконструкција и доизградба на водоводен систем на дел од водоводна мрежа кој води од поранешна кантина према с. Конопница се до населба Трнци со крак кон населба Мезовски Ливади.** | **23.000.000,оо** |
| **3. Поврзување на високата зона од нас. Домачки Дол со резервоар и мрежа во населба Баглак 3.** | **6.000.000,оо** |
| **5. Доизградба и санација на постојни водоводи кои ќе бидат превземени од Општината, односно ЈП Комуналец** | **2.500.000,оо** |
| **6. Изработка и доработка на техничка документација за водоводи** | **1.000.000,оо** |
| **7. Експропријација** | **500.000,оо** |

**ВКУПНО 47.000.000,оо**

## 2. Локална канализациона мрежа

Во минатото канализациона мрежа е градена главно во урбаниот дел од градот, па поради тоа не се изготвуваше посебна Програма за канализациони системи, туку тоа беше третирано во склоп на Програмата за уредување на градежно земјиште. Бидејќи во поново време се започна со изградба на канализации и во дел од селските средини, се наложи потреба за изготвување на посебна Програма во рамките на која ќе бидат предвидени мерките и активностите поврзани со оваа област.

Урбаниот дел генерално е покриен со канализациона мрежа со приклучок на главните колектори или испуст директно во речните токови. Најголем проблем е што поради недостаток на финансиски средства во минатото не се довршени левиот и десниот колектор по течението на Крива Река и не е изградена предвидената пречистителна станица. Општината од неодамна има изработено Основен проект за продолжување на лев колектор и спојување на лев со десен колектор до Пречистителна станица. Во натамошниот период треба да се спроведе експропријација и да се направи проект за соодветна пречистителна станица, како и да се обезбеди другата потребна документација во смисла на дозволи, одобренија и сл.

Во минатото, како и кај водоснабдителните системи треба да се напомене дека надвор од градското подрачје се изградени само неколку парцијални канализациони водови во некои приградски населби и села со помало или поголемо учество на месното население за ограничен дел од население. Дел од нив се преземени и со нив стопанисува и ги одржува ЈП Комуналец , но поголем дел се уште се непредадени и има проблеми при нивното функционирање.

Изминативе неколку години поголеми канализациони мрежи се изградени во с. Мождивњак (околу 11 км.) и с. Длабочица (околу 800 м.) Дурачка Река (1,4 км)

Доколку има нови повици во почетокот на наредната година од страна на Агенцијата за финансиската подршка на земјоделието и руралниот развој или други институции за грант средства со или без делумно учество на општината, ќе биде аплицирано за реализација и на други проекти:

### 2.1 Изградба на канализациона мрежа

1. Доизградба на главен колектор и спојување на десен со лев колектор до локалитет на пречистителна станица за фекални води (фазно)
2. Изградба на канализација -дел од Мезовски ливади и Крстата падина
3. Изградба на канализација во делови од село Конопница
4. Изградба и доизградба на други помали делови од канализациони мрежи

Во меѓувреме ќе се работи на докомплетирање на техничката документација и обезбедување на одобренија за градба.

### 2.2 Изработка на техничка документација

1 Докомплетирање на техничка документација за Доизградба на главен колектор и спојување на десен со лев колектор до локалитет на пречистителна станица за фекални води
2. Подготвителни активности за изработка на техничка документација за главна пречистителна станица за град Крива Паланка
3. Основен проект за фекална пречистителна станица за град Крива Паланка;
4. Докомплетирање на документација за Изградба на канализација -дел од Мезовски ливади и Крстата падина
5. Проект за канализација населба "Грамаѓе";
6. Проект за канализација за дел од село Конопница
7. Проект за канализација со пречистителна станица за село Жидилово.
8. Проект за канализација за село Градец - Мезовски ливади
9. Проекти за други канализации во селските населби

**П Р И Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1. Агенција за подршка на руралниот развој на РМ** | **15. 000.000 ден.** |
| **2. Влада на РМ и ЕИБ** | **20.000.000 ден.** |
| **3. Сопствено учество на Општината** | **4.000.000 ден.** |
| **4. Учество на ЈП „Комуналец“** | **2.000.000 ден.** |

**ВКУПНО. 41.000.000 ден.**

**Р А С Х О Д И:**

| | |
|---|---|
| **1. Изградба на канализациони системи** | **35.000.000.оо** |
| **2. Доизградба и санација на постојни канализации кои ќе бидат превземени од Општината, односно ЈП Комуналец** | **3.000.000,оо** |
| **3. Експропријација** | **1.000.000,оо** |
| **4. Изработка на техничка документација** | **2.000.000,оо** |

**Вкупно : 41.000.000 ден.**

**Бр. 09-2528/69**
**30.11.2017 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**